**Предлагачи : Група пратеници**

**ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ ,**
**ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА**

**Скопје, јули 2024 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
05. 07. 2024
08 339/1

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Бојан Стојаноски
Ели Танова
Марија Митева
Драгана Бојковска
Дафина Стојаноска



2

# В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за задолжителни нафтени резерви се уредува обврската за обезбедување на високо ниво на безбедност на снабдувањето со сурова нафта и нафтени деривати преку формирање, чување и одржување на минимум резерви на сурова нафта и/или нафтени деривати во форма на задолжителни нафтени резерви, начинот и условите за формирање, чување и одржување на задолжителните резерви, воведување на неопходните процедури за интервенција заради справување со сериозен недостаток од нафтени деривати на пазарот и други прашања од значење за задолжителните резерви, како и основањето и надлежностите на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Заради поефикасно функционирање на органите на државната управа и прилагодување на современите потреби во некои области, меѓу кои и во енергетиката, минералните суровини и рударството, се пристапи кон измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа, со кој се основаше ново Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

Надлежностите на ова министерство во системот на организацијата на органите на државната управа согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа се вршење на работите кои се однесуваат на:

- енергетиката, енергетската политика и планирањето на развојот во областа на електрична енергија,природен гас, нафта и деривати на нафта,топлотна енергија и термални води, како и други видови на енергија и нивна експлоатација;
- снабдувањето со енергија;
- спроведувањето на постапки за селекција и именување на органите на раководење, управување и надзор во правните лица од областа на енергетиката во целосна или доминантна државна сопственост;
- стратегијата и политиката за енергетска безбедност;
- рационалната употреба на енергијата и енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија;
- координацијата на работата и реализација на енергетските инвестиции;
- рударството, стратегија и политика за развој на рударството;
- експлоатацијата на минерални суровини и геолошки ресурси;
- геолошките истражувања и истражувања поврзани со експлоатација на минерални суровини;
- изработката на програма за истражувачки работи од областа на основните геолошки истражувања поврзани со одржливото користење на ресурсите;
- надзорот од негова надлежност и
- други работи утврдени со закон.

Заради конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на ова министерство утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24), потребно е законски интервенции односно усогласување на овие одредби со одредбите на постојни закони со кои се уредува ова област.

Со овој закон како основа се поставија насоки и јасни критериуми со кои би се елиминирало преклопувањето на надлежности и би се подобрила ефикасноста и функционирањето на органите на државната управа, кое преку укинување на некои институции и формирање на нови, како и спојување на одредени институции би ја постигнало основната цел за донесување на законот.

Имено со таквата прецизна распределба на надлежностите ќе придонесе кон функционалност на органите на државната управа.

Дополнително обврска од членот 30 од овој закон наметна должност државните органи во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на законот да ги усогласат посебните закони со кои се уредуваат основањето, работите, надлежностите и другите општи акти со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24) .

Од овие причини и заради доследност и усогласување на посебните закони со органскиот закон за организација и работа на органите на државната управа се предлага измената и дополнувањето на овој закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви се врши усогласување со одредбите од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121 /24).

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Републичкиот буџет.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Републичкиот буџет.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, предлагаме Собранието по Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви да расправа по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 150/21 и 236/22), во членот 12 став (4) зборовите: „Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви по претходна согласност на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Членот 22 се брише.

Член 3

Членот 23 се брише.

Член 4

Членот 24 се брише.

Член 5

Во член 25 став (1) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „на предлог на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Во став (2) во алинејата 4 по зборовите: „раководна функција“ се заменуваат со зборовите: „во областа на енергетиката“.

По ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„ (4) Директорот за работата на Агенцијата за нафтени резерви доставува полугодишен и годишен извештај до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини. Полугодишниот извештај се доставува најдоцна до 30 јули во тековната годината, а Годишниот извештај до 31 март во тековната за претходната година.

(5) Директорот се разрешува:

1. ако тоа сам го побара;

2. во случај на спреченост на вршење на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато;

3. ако биде осуден за кривично дело на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;

4. ако се утврдат неправилности во неговото материјално – финансиско работење, поради што е нанесена штета на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви;

5. поради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата и надлежностите кои му се доверени. “.

Член 6

Членот 26 се менува и гласи:

„(1) Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви ги врши следниве работи:

1. ја претставува и застапува Агенцијата за задолжителни резерви;

2. донесува Статут на Агенцијата за задолжителни резерви по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

3. донесува акти за организација, систематизација, како и други општи акти на Агенцијата за задолжителни резерви;

4. донесува годишна програма со финансиски план за тековната година по претходна согласност на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката;

5. подготвува и доставува годишен извештај за работа со годишна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви до Владата на Република Северна Македонија;

6. ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата за задолжителни резерви;

7. донесува општи и посебни акти за работењето на Агенцијата за задолжителни резерви по претходна согласност на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

8. ги имплементира одлуките и актите на Владата на Република Северна Македонија и министерството надлежно за работите од областа на енергетиката;

9. поднесува акти и извештаи до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Владата на Република Македонија;

10. доставува годишен извештај за својата работа до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката и Влада на Република Македонија на одобрување;

11. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката акциски план за формирање на задолжителни резерви;

12. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката одлука за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година;

13. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за начинот за утврдување, пресметување, висината и уплатување на надоместокот за задолжителните резерви како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;

14. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;

15. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка;

16. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката одлука за постапките и рокови за обновување, за секој нафтен

дериват од задолжителните резерви одделно, согласно со неговите физичкохемиски карактеристики и карактеристиките на складот во кој се чува;

17. предлага до министерството надлежно за работите од областа на енергетиката правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви;

18. донесува годишен план за јавни набавки;

19. донесува одлуки и се грижи за спроведување на јавните набавки;

20. се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства;

21. склучува договори во рамките на овластувањата утврдени со овој и друг закон и статутот на Агенцијата за задолжителни резерви;

22. донесува поединечни акти за вработените од делокругот на работните односи и

23.врши други надлежности утврдени со закон или со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви. “.

Член 7

По членот 26 се додава нов член 26-а, кој гласи:

„Член 26-а

Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката ги врши следниве работи:

1. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на спроведувањето на договорите за чување и обновување на задолжителните резерви склучени со трговските друштва – складиштари;

2. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на задолжителните резерви;

3. дава согласност на предлог акцискиот план за формирање на задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, кој го усвојува Влада на Република Северна Македонија;

4. дава согласност на предлог одлуката за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година, која ја донесува Влада на Република Северна Македонија;

5. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот со која се пропишува начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;

6. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот за висина на надоместок за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;

7. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го донесува правилникот за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

8. на предлог на директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви донесува правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви и

9. врши други надлежности утврдени со закон или со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.“.

Член 8

Во член 36-б во ставот (3) зборовите: „Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви усогласен, со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 9

Во член 36-в во ставот (1) зборовите: „Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви“ се заменуваат со зборовите: „директорот на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, усогласен со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 10

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува мандатот на директорот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви.

Владата на Република Северна Македонија во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон именува нов директор.

Член 11

Подзаконски акти донесени согласно Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 150/21 и 236/22), до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се усогласат со одредбите од овој закон најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви содржи 12 члена.

Со членовите 1, 2, 3, 4, 8 и 9 се укинуваат одредбите со кои се однесуваат на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви како орган на Агенцијата.

Членовите 5 и 6 се одредби со кои се прецизираат членови за именување и разрешување на директорот, обврската за полугодишен и годишен извештај и делокругот на неговата надлежност.

Членот 7 е додавање на нов член 26-а за надлежностите на Министерството надлежно за работите од обласа на енергетиката.

Членот 10 уредува престанок на мандатот на директорот и членовите на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, со денот на влегување во сила на овој закон и обврска Владата во рок од три месеци од денот на влегување во сила на овој закон именува нов директор.

Членот 11 уредува дека сите постојните подзаконски акти донесени согласно со Законот за задолжителни нафтени резерви до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат до донесувањето на нови согласно одредбите на овој закон, односно најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон .

Влегувањето во сила е уредено во членот 12.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНАТА ОДРЕДБА

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и чинат правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот закон ќе се овозможи конзистентност на правниот систем и доследна примена на законските одредби во однос на надлежностите на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини утврдени во новиот член 20-а од Законот за изменување и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 121/24).

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ**
**ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ ,**
**КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ**

**Прописи за утврдување на количината и**
**структурата на задолжителните резерви**
**Член 12**

(1) Формирањето, чувањето и обновувањето на задолжителните резерви, Агенцијата за задолжителни нафтени резерви го врши врз основа на следните прописи:

- акциски план за формирање на задолжителни резерви,
- годишна програма со финансиски план за тековната година и
- одлука за количината и структурата на задолжителните резерви за тековната година.

(2) Владата на Република Македонија, на предлог на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви, донесува акциски план за формирање на задолжителни резерви во кој се уредува динамиката на формирање на задолжителните резерви изразена во денови на покриеност со сурова нафта и/или нафтени деривати согласно членот 5 став (1) на овој закон, динамиката и начинот на обновување на задолжителните резерви, организација на складирањето и територијалната разместеност на задолжителните резерви, како и потребата и начинот на инвестирање во обновување на постојните и изградба на нови складишни капацитети.

(3) Владата на Република Македонија, на предлог на министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, најдоцна до 15 март секоја година, со одлука ја пропишува количината и структурата на задолжителните резерви пропишани во член 6 од овој закон, кои ќе се чуваат во тековната година, врз основа на нето увозот или реализираната домашна потрошувачка во претходната календарска година, во зависност од тоа која количина е поголема. Агенцијата за задолжителни нафтени резерви има обврска да го изготвува текстот на предлог одлуката од овој став и да го доставува до министерството надлежно за вршење на работите од областа на енергетиката, најдоцна до 10 март секоја година.

(4) Врз основа на одлуката на Владата на Република Македонија од став (3) на овој член и во согласност со акцискиот план од став (2) на овој член, Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни нафтени резерви најдоцна до 31 март во тековната година донесува годишна програма со финансиски план со која подетално се уредуваат вредноста и динамиката на формирање, постапката и динамиката за обновување, како и продажба со цел обновување на задолжителните резерви.

**Органи на Агенцијата за задолжителни резерви**
**Член 22**

Органи на Агенцијата за задолжителни резерви се Управниот одбор и директорот.

**Управен одбор**
**Член 23**

(1) Со Агенцијата за задолжителни резерви управува Управниот одбор, кој се состои од пет члена.

(2) Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија. Три члена на Управниот одбор се именуваат на предлог на министерот надлежен за работите од областа на енергетиката од редот на реномирани и истакнати стручни лица и експерти во земјата од областа на нафтените деривати, еден член се именува на предлог на министерот надлежен за работите од областа на финансиите и еден член се именува на предлог на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

(3) Членовите на Управниот одбор на првата конститутивна седница избираат претседател и заменик претседател на Управниот одбор.

(4) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае четири години со можност за повторен избор.

(5) Владата на Република Македонија може да разреши член на Управниот одбор пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање;

- ако не работи и не постапува според закон и актите на Агенцијата за задолжителни резерви или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор и на Владата на Република Македонија или постапува во спротивност со нив;

- ако со својата несовесна и неправилна работа како член на Управниот одбор предизвика нарушување на вршењето на дејностите на Агенцијата за задолжителни резерви и

- ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски како член на Управниот одбор.

**Работи кои ги врши Управниот одбор**
**Член 24**

(1) Управиот одбор на Агенцијата за задолжителни резерви ги врши следните работи:

- донесува Статут на Агенцијата за задолжителни резерви;

- донесува деловник за работа на Управниот одбор;

- донесува акти за организација, систематизација, како и други општи акти на Агенцијата за задолжителни резерви;

- донесува годишна програма за работа со финансиски план за тековната година;

- усвојува годишен извештај за работа со годишна сметка на Агенцијата за задолжителни резерви;

- усвојува предлог акциски план за формирање на задолжителни резерви на

нафта и нафтени деривати, кој го донесува Влада на Република Македонија;

- усвојува предлог одлука за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година, која ја донесува Влада на Република Македонија;

- го усвојува текстот на предлог уредбата со која се пропишува начинот за утврдување, пресметување и висината на надоместокот за задолжителни резерви, како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;

- усвојува предлог уредба за висина на надоместок за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви, која ја донесува Владата на Република Северна Македонија;

- усвојува предлог правилник за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

- го донесува годишниот план за јавни набавки;

- усвојува предлог правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви, кој го донесува министерот надлежен за работите од областа на енергетиката;

- доставува известувања и предлози до Влада на Република Македонија по прашања од делокругот на работењето на Агенцијата за задолжителни резерви;

- донесува посебни акти за работењето на Агенцијата за задолжителни резерви;

- донесува одлука за постапките и роковите за обновување, за секој нафтен дериват од задолжителните резерви одделно, согласно со неговите физичко- хемиски карактеристики и карактеристиките на складот во кој се чува и

- му помага на директорот на Агенцијата за задолжителни резерви со давање на мислење и предлози за имплементација на планови, програми, акти и други активности.

(2) Покрај работите од став (1) на овој член, Управниот одбор врши и други работи кои се уредени со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.

**Директор на Агенцијата за задолжителни резерви**

**Член 25**

(1) Со работата на Агенцијата за задолжителни резерви раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност,

- да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование,

- да има најмалку седум години работен стаж по дипломирањето, од кои пет години на раководна функција,,

- поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик не постар од пет години: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) со најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) со најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) со најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен, БУЛАТС (BULATS) со најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) – најмалку ниво Б2 (B2) и

- поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(3) Директорот се именува по спроведен јавен оглас за избор, објавен во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија,од кои еден се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

**Работи од делокруг на Директорот**

**Член 26**

(1) Директорот на Агенцијата за задолжителни резерви ги врши следните работи:

- ја претставува и застапува Агенцијата за задолжителни резерви;

- ја организира работата и раководи со стручните служби на Агенцијата за задолжителни резерви;

- предлага општи и посебни акти за работењето на Агенцијата за задолжителни резерви до Управниот одбор;

- ги имплементира актите и одлуките на Управниот одбор;

- ги имплементира одлуките и актите на Владата на Република Македонија;

- поднесува акти и извештаи до Владата на Република Македонија;

- доставува годишен извештај за својата работа до Влада на Република Македонија на одобрување;

- предлага до Управниот одбор акциски план за формирање на задолжителни резерви;

- предлага до Управниот одбор годишна програма со финансиски план за тековната година;

- предлага на Управниот одбор одлука за количината и структурата на задолжителните резерви кои ќе се чуваат во тековната година;

- предлага до Управниот одбор уредба за начинот за утврдување, пресметување, висината и уплатување на надоместокот за задолжителните резерви како и содржината, начинот и роковите за достава на податоци за пласманот на нафтени деривати на домашниот пазар;

- предлага на Управниот одбор уредба за утврдување на висината на надоместокот за чување и евапорација на нафта и нафтени деривати од задолжителните резерви;

- предлага до Управниот одбор правилник за пропишување на методи и процедури за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка;

- предлага до Управниот одбор одлука за постапките и рокови за обновување,за секој нафтен дериват од задолжителните резерви одделно,

согласно со неговите физичко-хемиски карактеристики и карактеристиките на складот во кој се чува;

- предлага до Управниот одбор правилник за методите и процедурите за пресметка на нивоата на задолжителните резерви;

- изготвува извештај за работа на Агенцијата за задолжителни резерви во претходната година со годишна сметка и ги доставува на Управниот одбор на усвојување;

- предлага на Управниот одбор годишен план за јавни набавки;

- донесува одлуки и се грижи за спроведување на јавните набавки;

- се грижи за законито работење и трошење на финансиските средства;

- склучува договори во рамките на овластувањата утврдени со овој и друг закон

и статутот на Агенцијата за задолжителни резерви;

- донесува поединечни акти од работењето на Агенцијата за задолжителни резерви;

- ги предлага и извршува општите акти за организација на работењето и систематизација на работните места;

- донесува поединечни акти за вработените од делокругот на работните односи;

- го пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на спроведувањето на договорите за чување и обновување на задолжителните резерви склучени со трговските друштва – складиштари и

- го пропишува начинот и постапката за вршење на контрола на задолжителните резерви.

(2) Покрај работите од став (1) на овој член, Директорот одлучува и за други прашања утврдени со Статутот на Агенцијата за задолжителни резерви.

**Размена на задолжителните резерви**
**Член 36-б**

(1) Размена на задолжителните резерви може да се врши заради обновување и одржување на квалитетот на нафтените деривати.

(2) Размена на задолжителните резерви може да се врши меѓу Агенцијата за задолжителни резерви и носителите на лиценца за вршење на енергетска дејност преработка на сурова нафта и производство на нафтени деривати и/или трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на кои им е издадена и акцизна дозвола согласно со Законот за акцизите, во објекти за складирање на нафтени деривати во Република Северна Македонија.

(3) Владата на предлог на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни резерви, со одлуката за размена ги определува видот и количините на нафтени деривати од задолжителните резерви кои се разменуваат, како и начинот и субјектите со кои се врши размената.

(4) Вредноста на задолжителните резерви кои се предмет на размена се утврдува врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт, донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, која е важечка на денот на размената. Во вредноста не се

вклучуваат трошоците за акциза доколку размената се врши во рамки на ист акцизен склад или помеѓу различни акцизни складови, како и трошоците за превоз во случај на размена во рамки на ист акцизен склад или различни акцизни складови на ист имател на акцизна дозвола во рамки на ист складишен капацитет.

(5) За размената на нафтените деривати согласно со овој член, Агенцијата за задолжителни резерви склучува договор.

**Продажба на задолжителни резерви заради нивно обновување**

**Член 36-в**

(1) Владата, на предлог на Управниот одбор на Агенцијата за задолжителни резерви, со одлуката за продажба од членот 36-а став (1) од овој закон ги определува видот и количините на нафтени деривати од задолжителните резерви кои се пуштаат во продажба заради нивно обновување, како и делливоста на предметот на продажба.

(2) Продажбата на нафтените деривати од ставот (1) на овој член се врши со усно јавно наддавање.

(3) Почетната цена на задолжителните резерви кои се продаваат согласно со овој член, изразена во денари за литар/килограм, се утврдува врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, која е важечка на денот на продажбата, а во која не се вклучени трошоците за акциза, данокот на додадена вредност, надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина и надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

(4) Почетната цена од ставот (3) на овој член при продажбата со усно јавно наддавање, може да биде намалена најмногу 10%.